


Во рамки на Топлиот културен бран, Локалната библиотека „Гоце Делчев и Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ од Велес на 28 август ќе организираат голем поетски хепенинг на кој ќе настапат поети од целата држава.

Поетското читање ќе се случи во чест на Струшките вечери на поезијата а се јавува како продолжение на минатогодишната соработка на велешкиот и кумановскиот поетски клуб, соработка од која се изроди една голема асоцијација на писателски клубови.

Поетското читање ќе започне во 19 часот, а истото ќе се случи во Младинскиот парк во Велес.